# ОБРАЗОВАНИЕ И СЕЌАВАЊЕ

Зборник на трудови од Четвртиот и Петтиот
Светиклиментов научен собир
(2020 и 2021)

Скопје 2023

ОБРАЗОВАНИЕ И СЕЌАВАЊЕ
Зборник на трудови од Четвртиот и Петтиот Светиклиментов научен собир (2020 и 2021)

*Издавач:*
Православен богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

*Главен уредник:*
Ѓоко Ѓорѓевски

*Технички уредник:*
Милан Ѓорѓевиќ, ереј

*Лектура и компјутерска подготовка:*
Зорица Велкова

*Дизајн на корица:*
игумен Агатон Апостоловски

*Печат:*
Контура – Скопје

*Тираж:*
100 примероци

## СЕЌАВАЊЕ (ПА́МАТЬ)

Кирче ТРАЈАНОВ
АРЕТОЛОШКИ МОТИВИ И ЦЕЛИ
СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ НАСПРОТИ
АНТИЧКАТА ФИЛОСОФИЈА .................................................. 103

Александар КРСТАНОСКИ
СПОМЕНОТ ЗА ПОЧИНАТИТЕ ВО ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИТЕ
РАКОПИСНИ ТРЕБНИЦИ ........................................................ 125

Илче МИЦЕВСКИ-ИГНАТ
МЕМЕНТО МОРИ – СЕЌАВАЊЕТО ЗА СМРТТА
КАКО СОСТОЈБА НА БУДНОСТ И ПРАКТИКУВАЊЕ
НА ДОБРОДЕТЕЛИТЕ ВО ДУХОВНИОТ ЖИВОТ ...................... 135

Ѓоко ЃОРЃЕВСКИ
СЕЌАВАЊЕТО ВО ПЕТОКНИЖИЕТО ........................................ 143

Анета ЈОВКОВСКА
УЛОГАТА НА КОЛЕКТИВНОТО СЕЌАВАЊЕ
ВО НАСТАВАТА ПО РЕЛИГИСКО ОБРАЗОВАНИЕ .................... 149

Ана ЃОРЃЕВИЌ
Милан ЃОРЃЕВИЌ
ДАРОТ НА ПОМНЕЊЕТО И ДАРОТ НА ЗАБОРАВАЊЕТО ........ 161

Илче МИЦЕВСКИ-ИГНАТ УДК: 128

# МЕМЕНТО МОРИ – СЕЌАВАЊЕТО ЗА СМРТТА КАКО СОСТОЈБА НА БУДНОСТ И ПРАКТИКУВАЊЕ НА ДОБРОДЕТЕЛИТЕ ВО ДУХОВНИОТ ЖИВОТ

## Апстракт

Постојат многу начини и подвизи преку кои човекот може да се спаси и обожи. Како најефикасно средство корисно на човекот во неговото спасение е сеќавањето за смртта. Тоа сеќавање му помага на човекот не само да го добие стравот Божји, туку и да остане буден над своето срце и сетила, со цел да ги спречи лошите помисли да се вгнездат во него. Од друга страна, сеќавањето за смртта го поттикнува човекот да се откаже од грешниот живот и да се труди да ги здобие и практикува добродетелите. Сеќавањето за смртта која доаѓа ненадејно, трезвеноста, добродетелите и подвизите, се само средства преку кои човекот се спасува и стапува во вечна заедница со Бога.

*Клучни зборови*: сеќавање за смртта, будност, добродетели, духовен живот, спасение.

Животот на човекот е дар од Бога, исполнет со различни случувања и настани. Колку и да сакаат нивниот живот да биде подолг, на крајот сите се соочуваат и со крајот на животот, предизвикан од смртта. Тоа значи дека сите луѓе умираат, без разлика колку се свесни или не за доаѓањето на смртта. Тајните на животот и смртта се дел од човековото преокупирање уште од најстарите времиња и постојат во сите религии. Секаде се зборува за живот после смртта, но пред да се започне задгробниот живот важно е како човекот го поминал животот од неговото раѓање сè до неговата смрт. Вакви преокупирања постојат

во животите на христијанските подвижници и свети отци, кои преку спомнувањето за смртта ги осветиле нивните животи и станале добродетелни луѓе, способни да ги поучуваат другите кои биле желни за духовен живот и за спасение, особено за здобивање на вечниот живот. Во христијанството, спомнувањето на смртта може да направи човекот да стане подобар и да се доближи до заедницата со Бога.

Во Светото писмо на Стариот завет се зборува за сеќавањето на смртта и на крајот на животот, како потсетување дека сите сме смртни и дека тоа го раѓа стравот Господов.[1] Овие библиски поуки се почитувани во духовниот живот на големите духовни отци кои ништо не смениле од она што е напишано во Светото писмо. Здобивањето на стравот од Бога преку спомнувањето на смртта и вечните маки ни го потврдува Ава Доротеј од Газа во неговите духовни поуки,[2] а очекувањето на смртта треба да биде секојдневно, бидејќи човекот не си го знае крајот на својот живот и промислата Божја.[3] Размислувајќи за смртта, човекот почнува да размислува и за тоа како ќе се претстави пред Божјиот суд и какви дела ќе принесе за неговото спасение.[4] Сеќавањето на смртта не само што прави човекот да се плаши од Бога, туку и го упатува „да оди по правиот пат."[5] Оној што оди по правиот пат, постојано го има Бога во мислите, се пази од извршување на лоши дела и размислува за ненадејноста на смртниот час.[6] Тоа значи дека човекот

---

[1] Види Сир. 8, 8; 14, 12; 38, 20, Из. 14, 27.

[2] Ава Доротеј од Газа, *Изреки и поуки*, Скопје 2020, 64.

[3] Свети Антониј Велики, „Списи", во *Добротољубие* том 1, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 1997, 21, 79, 107; Преподобен Исихиј, „Слово корисно и спасително за душата до Теодул од преподобниот Исихиј, презвитер ерусалимски", во *Добротољубие* том 2, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 1998, 190;

[4] Види *Старечник*, Битола 2003, 45, 48, 91, 92; Преподобен Исаиј Отшелник, „Словата на преподобниот авва Исаиј кон неговите ученици", во *Добротољубие* том 1, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 1997, 272; Преподобен Исихиј, „Слово корисно и спасително за душата до Теодул од преподобниот Исихиј, презвитер ерусалимски", 158, 174–175; Свети Ефрем Сирски, „Подвижнички поуки од свети Ефрем Сирски", во *Добротољубие* том 2, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 1998, 312, 321, 331, 332, 480;

[5] Свети Ефрем Сирски, „Подвижнички поуки од свети Ефрем Сирски", 447.

[6] Види Свети Исак Сирски, „Подвижнички поуки од свети Исак Сирски", во *Добротољубие* том 2, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 1998, 666; Преподобен авва Филимон, во *Добротољубие* том 3, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 2007, 376; Преподобниот Филотеј Синајски,

кој живее духовен живот треба постојано да внимава на себеси и на она што го зборува или прави. Човекот треба да стражари над себеси.

Состојбата на стражарење над себеси, отците ја нарекуваат будност или трезвеност. Се разбира, не се мисли на тоа човекот воопшто да не спие, туку на будната состојба на срцето и на душата за да не дозволат навлегување на лошите помисли. Грешните помисли и гревот треба да се надвладеат (Сп. 1 Мој. 4, 7) за да не господарат над нас.[7] Затоа е потребно да се извршува „само Божјата волја“,[8] човекот да се стреми кон доброто (Изреки 11, 27) и кон исполнувањето на заповедите Божји (Товит 14, 9). Невнимателноста може скапо да го чини човекот,[9] а оној кој е буден, ревносен и трудољубив, „страстите никогаш не ќе можат да го победат.“[10] Оној кој ќе успее да остане чист и да владее над себеси, Свети Макариј Велики вели дека ќе го созерцава Господ, слично со Адам кој пред падот во гревот бил „опсипан со божествена слава.“[11] Пазењето на помислите е клучно во духовниот живот и во стремежот на човекот да биде во заедница со Бога, далеку од гревовите и страстите.[12] Ништо не го задржува човекот блиску до Бога и до сеќавањето за Него, како пазењето на помислите и будноста на срцето и на душата. Повикувањето на будност и на трезвеност е често спомнувано во поуките на светите отци кон нивните ученици,[13] како многу

---

„Слово за трезвението во 40 глави“, во *Добротољубие* том 3, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 2007, 431; Свети преподобен Теодор Студит, „Подвижнички поученија за монаси од светиот отец Теодор Студит“, во *Добротољубие том* 4, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 2008, 57, 103, 118, 130, 137, 153, 331, 422, 423, 637.

[7] Свети Антониј Велики, „Списи“, 22.

[8] Свети Антониј Велики, „Списи“, 58.

[9] Ава Доротеј од Газа, *Изреки и поуки*, 142.

[10] Свети Антониј Велики, „Списи“, 62.

[11] Свети Макариј Велики, „Поуки од свети Макариј Велики за вистинскиот христијански живот (Избор од неговите беседи)“, во *Добротољубие* том 1, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 1997, 157.

[12] Види Свети Антониј Велики, „Списи“, 59-60; *Старечник*, 210; Преподобен авва Исаиј Отшелник, „Словата на преподобниот авва Исаиј кон неговите ученици“, 272; Старец Софрониј, *За духот и животот*, Струмица 1999, 30;

[13] Види Ава Доротеј од Газа, *Изреки и поуки*, 130, 143; Преподобен авва Исаиј Отшелник, „Словата на преподобниот авва Исаиј кон неговите ученици“, 346, 414, 415, 416; Свети Марко Подвижник, „Поуки за духовниот живот“, во *Добротољубие* том 1, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 1997, 594; Свети Јован Касијан Римјанин, во *Добротољубие* том 2, прев. Архиепископ Охридски и

важна поука да се запазат од гревот преку затворањето на вратите на душата и на чувствата, за да не паднат.[14] Преподобниот Исихиј, презвитерот ерусалимски, нè поучува дека состојбата на будност е нешто кое се здобива заедно со Спасителот Исус Христос, со Кој човекот ги победува непријателите и помислите: „Вниманието е непрестајно безмолвие на срцето од секаква помисла, во кое тоа дише со Господа Исуса Христа, Божјиот Син и Бога и со Него Единиот секогаш, непрекинливо и непрестајно дише, Него Го повикува и заедно со Него храбро ги напаѓа непријателите и Нему, Кој има власт да простува гревови, Му ги исповеда своите гревови."[15] Човекот се подвизува заедно со Господ Исус Христос, од Кого си ја зема силата да бдее над себеси за да биде чист и достоен пред Бога. Самиот човек не може да направи сè, туку е помогнат од Божјата благодат во соработка со неговата смиреност и трезвеност.

Кога човекот се сеќава на смртта и на крајот на својот живот, станува внимателен на неговото однесување и на она што го прави. Сеќавањето на смртта и состојбата на будност прават човекот да биде внимателен и со делата кој тој ги прави, особено добрите дела. Напредувањето во духовниот живот и во осветувањето на човекот не е возможно без здобивање и практикување на добродетелите. На оние кои се милостиви Бог им дава долг живот (Сп. Тов. 12, 9) и ако останат верни до смртта ќе им го даде „венецот на животот" (Откр. 2, 10), а што е најважно, да бидат живи во Исуса Христа и мртви за гревот (Рим. 6, 11). Сеќавањето на смртта не само што го побудува стравот Божји во човекот, туку тој страв станува и „почетокот на добродетелите."[16] Секоја добродетел која ја здобива човекот во неговиот духовен живот треба

Македонски Михаил, Скопје 1998, 40, 99, 130; Преподобен Исихиј, „Слово корисно и спасително за душата до Теодул од преподобниот Исихиј, презвитер ерусалимски", 155, 156,174; Свети Исак Сирски, „Подвижнички поуки од свети Исак Сирски", 663; Свети преподобен Теодор Студит, „Подвижнички поученија за монаси од светиот отец Теодор Студит", 27-28, 637; Старец Софрониј, *За духот и животот*, 76.

[14] Преподобен авва Исаиј Отшелник, „Словата на преподобниот авва Исаиј кон неговите ученици", 442.

[15] Преподобен Исихиј, „Слово корисно и спасително за душата до Теодул од преподобниот Исихиј, презвитер ерусалимски", 156.

[16] Свети Исак Сирски, „Подвижнички поуки од свети Исак Сирски", 639; Види и Илија презвитер или Екдик, „Букет од цвеќиња", во *Добротољубие* том 3, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 2007, 443; *Старечник*, 131.

да ја здобие преку смирението[17] негово, преку труд, чистота и Божја љубов.[18] Ава Јован Колов вели дека смирението на човекот и стравот Божји се поголеми од секоја доблест,[19] зашто преку нив се победува лошото и се добива добродетелта и совршенството.[20] Секој оној кој е заробен од страстите и гревот не може да има здрав духовен живот и да биде во заедница со Бога, бидејќи му недостасуваат добродетелите. Затоа се потребни подвизите и здобивањето на добродетелите, за човекот да се очисти и да биде во единство со Бога.[21] Сите кои ќе ги здобијат добродетелите имаат „духовна радост" и „духовно спокојство",[22] имајќи „вистинско богатство" кое ниту смртта не може да го одземе.[23] Преподобниот Нил Синајски многу убаво ни кажува што е добродетелта за човекот: „Добродетелта е божја облека; неа подготвувај ја, – и ќе Го облекуваш Оној Кој целата твар ја облекува."[24] Секое успевање во добродетелите и победата над страстите е дело на Божјата благодат и Негов дар,[25] затоа човекот не треба да се плаши да оди непоколебливо по патот на добродетелите,[26] на воздржувањето и смирението. Сите кои ги засакале добродетелите „Му угодиле на Бога"[27] и се удостоиле за лична заедница со Бог Света Троица.

Спомнувањето за смртта, будноста и практикувањето или здобивањето на добродетелите, е дел од целовкупниот духовен живот на

---

[17] Ава Доротеј од Газа, *Изреки и поуки*, 185.

[18] Блажениот авва Зосим Палестински, „Разговори", во *Добротољубие* том 3, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 2007, 115; Свети Антониј Велики, „Списи", 53, 67, 68;

[19] *Старечник*, 121.

[20] *Старечник*, 106; Свети Антониј Велики, „Списи", 42, 71;

[21] Види *Старечник*, 110; Свети Антониј Велики, „Списи", 77, 148; Преподобен авва Исаиј Отшелник, „Словата на преподобниот авва Исаиј кон неговите ученици", 361; Преподобен Исихиј, „Слово корисно и спасително за душата до Теодул од преподобниот Исихиј, презвитер ерусалимски", 170;

[22] Свети Марко Подвижник, „Поуки за духовниот живот", 508;

[23] Свети Јован Касијан Римјанин, 15;

[24] Преподобен Нил Синајски, „Аскетски поуки", во *Добротољубие* том 2, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 1998, 278.

[25] Свети Јован Касијан Римјанин, 39.

[26] Свети Теодор Студит, „Подвижнички поученија за монаси од светиот отец Теодор Студит", 82.

[27] Свети Теодор Студит, „Подвижнички поученија за монаси од светиот отец Теодор Студит", 638.

човекот. Сè е поврзано едно со друго и не можат да бидат разделени. Спомнувањето за смртта не би имало резултат ако човекот не бдее над себеси и не ги практикува добродетелите. Духовната будност и добродетелите се нераздвоен дел од духовниот живот. Преку нив Бог нè подготвува за вечниот живот,[28] бидејќи Тој не ја сака смртта на грешниците, туку да бидат вечно живи (Сп. Јн. 5, 24; Ез. 18, 23; 33, 11; Мудр. 1, 13). Знаеме дека што и да правиме, ние сме Господови (Рим. 14, 8), а ако Го љубиме Бог како што нè поучува првата Божја заповед, тогаш Бог ги слуша и исполнува нашите молитвени прозби.[29] Духовниот живот го учи човекот дека Христос е животот (Филип. 1, 21), дека Тој го победил владетелот над смртта (Евр. 2, 14) и што е најважно, дека „сè доаѓа од Господа“ (Сир. 11, 14). Човекот кој го посакува неговото спасение треба да ги отфрли „мрзливоста и нетрудољубивоста на душата,“[30] да се труди благодатта Божја да завладее со неговото срце.[31] Пазејќи на себеси човекот внимава да не згреши со ништо, преку мислењето за себеси дека е грешник го стекнува смирението и се труди да се удостои за Бога.[32] Целиот духовен напредок човекот го стекнува преку подвизите кои не се цел сами по себе, туку се „само средства за постигнување на совршенството.“[33] А тоа духовно совршенство се постигнува преку покајанието на човекот за направените гревови, бидејќи покајанието, покрај љубовта, ќе биде еден од критериумите за нашето вечно спасение.[34] За да биде спасително нашето покајание и да станеме наследници на Божјото царство, треба да го поддржиме со нашите добри дела.[35]

---

[28] Старец Софрониј, *За духот и животот*, 29.

[29] Свети Антониј Велики, „Списи“, 38.

[30] Свети Антониј Велики, „Списи“, 72.

[31] Свети Макариј Велики, „Поуки од свети Макариј Велики за вистинскиот христијански живот (Избор од неговите беседи)“, 249.

[32] Види Свети Антониј Велики, „Списи“, 108.

[33] Свети Јован Касијан Римјанин, 12.

[34] Преподобниот отец Теогност, „За дејствителниот и созерцателниот живот и глави за свештенството“, во *Добротољубие* том 3, прев. Архиепископ Охридски и Македонски Михаил, Скопје 2007, 408.

[35] Свети Теодор Студит, „Подвижнички поученија за монаси од светиот отец Теодор Студит“, 25.

Усовршувањето на човекот е богоугодно, затоа оние кои ќе му угодат на Бога, тие го наследуваат вечниот живот.[36]

Секој човек си го сака неговиот живот и го цени, а помислата за смртта го плаши и не сака да зборува за неа. Вистината е дека кога смртта ќе дојде секој човек се плаши од неа. Отците на Црквата нѐ поучуваат да не се плашиме од смртта, туку од она што следува после неа, односно од Божјиот суд. Затоа, нивниот пример постојано да си спомнуваме за смртта, се препорачува да го следиме со верност, бидејќи на тој начин ќе станеме подобри личности кон нас самите, кон нашите ближни и уште подобар ќе биде и нашиот однос кон Бога. Спомнувањето за смртта ги умножува добродетелите и добрите дела, ја одржува будната состојба на нашата душа и срце, помагајќи ни да напредуваме во духовниот живот кон единствената наша цел, заедницата со возљубениот наш Бог Света Троица. Спомнувањето за смртта да не ни стане пречка кон спасението, туку премин од смртта кон вечниот живот, како победата над смртта од страна на нашиот Спасител Исус Христос, реализирана преку жртвата на Крстот и Неговото воскресение. Човекот може сѐ, кога за сопатник Го има Господ Исус Христос, без Кого не може ништо да направи (Сп. Јн. 15, 5).

[36] „Царството Божјо и вечниот блажен живот им припаѓаат на оние, кои Му угодуваат на Бога", СветиТеодор Студит, „Подвижнички поученија за монаси од светиот отец Теодор Студит", 40.